УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# Во пресрет на Десеттата ораторска вечер „Иво Пухан“



Скопје 2006

**ПО ПОВОД 55 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ**

---

# ВО ПРЕСРЕТ НА ДЕСЕТТАТА ОРАТОРСКА ВЕЧЕР „*ИВО ПУХАН*“

**Издавач:**
***Правен факултет „Јустинијан Први“*** при *Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* – Скопје

**За издавачот:**
***Проф. д-р Гале Галев*** *– декан*

**Уредници:**
***проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска***
***Димче Апасиев***

**Ликовен уредник:**
***Билјана Стевковска - Савиќ***

**Јазична редакција**
***Божо Стефановски***

**Компјутерска обработка и печат**
Академски печат - Скопје

**Тираж:**
500 примероци

**Б И О Г Р А Ф И Ј А**
**НА ПРОФ. Д-Р ИВО ПУХАН**

*†Човекот којшто со посебна умешност, знаење, ораторство на еден стар Римјанин, шарм и брилјантност на еден вистински професор им ги пренесуваше своите знаења и размислувања на слушателите °*, како што вели проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, е **проф. д-р Иво Пухан**.



Во негова чест на Правниот факултет *†Јустинијан Први °* при Универзитетот †Св. Кирил и Методиј° во Скопје веќе десетта година по ред се одржуваат Ораторските вечери.

Проф. д-р Иво Пухан е втемелувач на катедрата за правно-историски науки. Тој е родоначалник на проучувањето на многу значајни прашања од римското право и прв почнал да го проучува римското право на тогаш новоснованиот Правно-економски факултет во Скопје.

Роден е на 28 март 1916 година во Пакрац, Република Хрватска. Основно училиште завршил во родното место, а средно во класична гимназија во Загреб. Во Белград студирал на Правниот факултет, каде што и докторирал.

На 1 април 1952 година бил избран за доцент на Правно-економскиот факултет во Скопје, а во 1957 за вонреден професор. Со статус на редовен професор на Правниот факултет во Скопје се здобил во 1962. Од 1954 бил продекан на Правниот факултет, а декан во 1957 и во 1975 година.

За проректор на Универзитетот †Св. Кирил и Методиј° бил избран во 1958 година. Вторпат бил избран во 1960 и останал на функцијата до јануари 1964 година.

Бил југословенски делегат на Хашките конвенции за меѓународно приватно право во 1960,1964 и 1968 година, а во 1972 бил и шеф на делегацијата. Бил член на југословенската воена арбитража, член на југословенската надворешно-трговска арбитража, член на Арбитражниот суд на надворешно-трговската комора во Париз (Република Франција) и претседател на Арбитражата при Стопанската комора.

Како професор и научник се појавува не само во македонската научна и стручна јавност, туку и пошироко на балканските и европските простори.

Научниот опус на проф. д-р Иво Пухан може да се подели на дела и студии од областа на неговата потесна специјалност - римското право и на

дела и студии од областа на граѓанското право, во поширока смисла на зборот, вклучувајќи го и семејното право, стопанското право и меѓународното приватно право, дела и студии од областа на самоуправното право и заштитата на уставноста и законитоста, како и од областа на проблемите на високото образование на нашата земја.